**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 31 и член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 71 став 8 и член 72 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за лимитите на изложеност**
**(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2009)**

I. Во Одлуката за лимитите на изложеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/2008 и 163/2008), се вршат следните измени:

1. Во глава II точка 4, ставот 2, се менува и гласи:

„Активните билансни и вонбилансни побарувања од став 1 од оваа точка се искажуваат во нето-износ, односно се корегираат за износот на извршената исправка во вредноста или издвоената посебна резерва, износот на премијата или дисконтот и промените во објективната вредност.“

II. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**О. бр. 02-15/III -2/2009**
**26 март 2009 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**гувернер и**
**претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**